СТ-1/19

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Харун Латифоски од село Лабуништа, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Друштво за угостителство трговија и услуги ИМА-ЛАТ КОМПАНИ Струга ДООЕЛ, вон рочиште, на ден 17.01.2019 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Према стечајниот должник Друштво за угостителство трговија и услуги ИМА-ЛАТ КОМПАНИ Струга ДООЕЛ, со единствен матичен број на деловниот субјект 6631282, даночен број 4026010510299, со трансакциска сметка број 200-022186695 при Стопанска банка АД Скопје, - **СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отварање на стечајна постапка.

За привремен стечаен управник се именува Стојче Чавкоски од Струга, кој се задолжува да утврди дали должникот е неспособен за плаќање и дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка се закажува **за ден 28.01.2019 година во 10:15 часот,** во просториите на Основниот суд во Струга, канцеларија број 32.

На рочиштето се повикуваат предлагачот, должникот и привремениот стечаен управник.

## Образложение

Предлагачот Харун Латифоски од село Лабуништа, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Друштво за угостителство трговија и услуги ИМА-ЛАТ КОМПАНИ Струга ДООЕЛ,.

Во предлогот наведе дека друштвото имало неизмирени обврски по основ на стасани неплатени јавни давачки а сметката на должникот била блокирана со што биле исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара да се поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечај.

Стечајниот судија откако го разгледа предлогот, утврди дека согласно член 51 став 9 од Законот за стечај со предлогот се доставени неопходните докази и се содржани условите за поведување на стечајна постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 54 став 2 и 3 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р

ПОУКА: Согласно член 54 став 5 од ЗС против решението жалба не е дозволена

Д-ви на:

* предлагачот/полномошникот,
* должникот со предлогот,
* привремениот стечаен управник,
* ВЕБ страната на судот,
* Централен регистар.